


# *ЕУ ВЕСТИ*

***ЕУ ЦЕНТАР***
***септември 2024 година***
***ЕУЦ-број 94/2024***

## 20 ГОДИНИ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА




Пред 20 години, на 1 мај 2004 година, државјани на ЕУ станаа граѓаните на Кипар, Чешка, Естонија, Унгарија, Латвија, Литванија, Малта, Полска, Словачка и Словенија. Европската Унија стана поголем политички, економски и културен ентитет. Неколку години подоцна кон унијата се приклучија Бугарија, Романија и Хрватска.

Со промените низ ЕУ во последните две децении граѓаните имаат посилни права и слободи. Демократијата и владеењето на правото се зајакнати, се зголемија можностите за луѓето и за бизнисот. Од 2004 година, над 2,7 милиони млади луѓе од 10-те земји-членки учествуваа во програмата Еразмус+.

Откако се приклучија во ЕУ, 10-те земји-членки го зголемија рециклирањето на комуналниот отпад. Од 2004 до 2022 година, Словачка, Литванија, Словенија и Летонија, пријавија зголемување за повеќе од 40% во нивните стапки на рециклирање.

Просечниот животен век во земјите од проширувањето во 2004 година се искачи од 75 години на 79 години, речиси затворајќи го јазот со просекот на ЕУ-27 од 81 година.

Според најновиот Евробарометар, во земјите-членки кои се приклучија на ЕУ пред 20 години, задоволството од животот се зголеми од 68% во 2004 година на 89% во 2024 година.

Во текот на изминатите 20 години економијата на ЕУ порасна за 27%. Полската и малтешката економија се зголемија повеќе од двојно, а Словачката порасна за 80%.

Економиите на сите понови земји-членки постојано се приближуваат кон просекот на ЕУ-27.

Прва го усвои еврото Словенија во 2007 година, додека Литванија го усвои во 2015 година. Ова им овозможи на повеќе бизниси и граѓани да ги уживаат целосните придобивки од единствениот пазар без ризици од девизниот курс.

Со поддршка на финансирањето на кохезионата политика на ЕУ и Механизмот „Поврзување на Европа“, транспортната мрежа на Европа се трансформираше и се прошири. Должината на автопатите се зголеми за трипати во Полска, Унгарија и Словачка во последните две децении. Од 2004 година, железничката мрежа на Литванија се прошири за 200 километри.

Во последните 20 години, ЕУ успеа да ја подобри енергетската ефикасност на својата економија. Како целина, ЕУ го намали енергетскиот интензитет на својата економија за речиси 33%.

Гласот на Европа на светската сцена стана посилен - презема акција за климатските промени, се бори против пандемијата и ја промовира демократијата.

Поголемиот единствен пазар ја направи ЕУ уште поатрактивен трговски партнер, со што се создаваат нови можности во странство. Од 2004 година, европската глобална меѓународна трговија се прошири за 3 трилиони евра - достигнувајќи 5 трилиони евра во 2023 година.

https://commission.europa.eu

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| 20 години од членството во Европската Унија | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2 |
| Парламентарни избори во Австрија | 3 |
| Стратегија за еднаквост | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Нов состав на Европската Комисија | 6 |
| Соработка меѓу здравствените агенции на ЕУ | 6 |
| Меѓународен ден на демократијата | 7 |
| Договор за вештачка интелигенција | 7 |
| Евробарометар истражување 2024 | 8 |
| Состанок на Советот за општи работи на ЕУ | 8 |
| Помош за земјоделците во ЕУ | 9 |
| Строга политика за азил во Холандија | 9 |
| Лансиран европски сателит „Коперникус Сентинел 2-Ц“ | 10 |
| Забрана за изнајмувачите на електрични тротинети во Мадрид | 10 |
| Забавува растот на платите во ЕУ | 11 |
| Пад на увозот на енергенси во ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / октомври 2024 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 16-19 септември 2024 година***

Претседателката на ЕП, Роберта Мецола ја отвори пленарната сесија од 16 до 19 септември во Стразбур. Марио Драги, поранешниот италијански премиер и екс-претседател на Европската централна банка, пред европратениците претстави план за подобрување на конкурентноста на Европа преку поблиска соработка во основните области и огромни инвестиции во заеднички цели.

Европарламентот отфрли две одлуки на Европската Комисија со кои се дозволува толеранција за увоз за ципроконазол и спиродиклофен во или за големо количество производи како житарици, семиња, месо, црн дроб и бубрези, како и за беномил, карбендазим и тиофанат- метил во или на одредени производи како што се лимони, лимес, мандарини и бамја. Употребата на овие пестициди веќе се забранети во ЕУ.

Европскиот парламент во актуелниот законодавен мандат ќе има 48 меѓупарламентарни делегации - четири повеќе отколку во претходниот мандат. Процесот за формирање на делегации на Парламентот е утврден во правилото 229 од Деловникот за работа, според кое составот на делегациите мора да обезбеди колку што е можно повеќе земјите-членки, политичките ставови и родовата застапеност да бидат правично застапени и ниедна делегација не смее да има повеќе од 1/3 од европратеници кои доаѓаат од иста земја.

Европскиот парламент усвои три резолуции за прашањата за човековите права во Авганистан, Белорусија и Куба.

Во резолуцијата усвоена со 425 гласа европратениците побараа земјите од ЕУ да ги укинат ограничувањата што ја попречуваат Украина да користи западни оружени системи против легитимни воени цели во Русија.
Во одобрената резолуција за разорните поплави во Австрија, Чешка, Германија, Унгарија, Полска, Романија и Словачка, европратениците изразија незадоволство од неодамнешните буџетски кратења на Механизмот за цивилна заштита на ЕУ. Тие побараа соодветно и надградено финансирање за да се зголеми подготвеноста и да се подобрат капацитетите, со посебен осврт кон следниот повеќегодишен буџет на ЕУ. На долг рок, резолуцијата повикува на поголеми инвестиции на ЕУ во регионалната и локалната отпорност и се бара идната кохезиона политика на ЕУ да се фокусира уште повеќе на ублажување и адаптација на климатските промени.

Во резолуцијата усвоена со 309 гласа европарламентот „најостро ја осудува и целосно ја отфрла изборната измама организирана од Националниот изборен совет контролиран од режимот, кој одби јавно да го објави официјалниот резултат“. Европратениците го признаваат Едмундо Гонзалес Урутија за легитимен и демократски избран претседател на Венецуела, а Марија Корина Мачадо како лидер на демократските сили.

Политичките групи на ЕП претставија свои кандидати за наградата Сахаров 2024. Тројца финалисти ќе бидат избрани во октомври годинава.

Кандидатите за наградата Сахаров за 2024 година, највисоката почит што ЕУ ја оддаде на работата за човекови права, се: Марија Корина Мачадо; „Жените водат мир“ и „Жените на сонцето“, Израел/Палестина; Илон Маск, САД; Едмундо Гонзалес Урутија, Венецуела; Women Wage Peace & Women of the Sun, Израел/Палестина; Д-р Губад Ибадоглу, Азербејџан; и Новинари во Палестина.

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО АВСТРИЈА



На 29 септември годинава во Австрија се одржаа парламентарни избори за 183 членови на Долниот дом на австрискиот Парламент.
Прелиминарните официјални резултати покажаа дека Партијата на слободата заврши на прво место со 29,2% од гласовите, а Австриската народна партија беше втора со 26,5%. На трето место се левичарските социјалдемократи со 21%.
Во својата изборна програма, насловена „Тврдина Австрија“, Партијата на слободата повикува на „ремиграција на непоканети странци“, за постигнување по „хомогена“ нација преку строга контрола на границите и суспендирање на правото на азил преку закон за вонредни состојби.
Австриската партија на слободата ФПО ќе треба да формира коалиција со една или повеќе партии за да обезбеди парламентарно мнозинство и стабилна влада
Повеќе од 6,3 милиони австриски граѓани имаа право да гласаат за новиот парламент во Австрија, членка на ЕУ која има политика на воена неутралност.

https://edition.cnn.com/

## ЕУ СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ




Европската комисија на 25 септември 2024 година усвои 3 извештаи за клучни стратегии насочени кон крај на дискриминацијата и градење Унија на еднаквост: Акциски план на ЕУ против расизам 2020-2025, Стратешка рамка на ЕУ за Ромите 2020-2030 и Стратегија за еднаквост на ЛГБТИК 2020-2025.
Извештаите го истакнуваат напредокот во поставувањето на националните акциски планови против расизмот, зајакнатата поддршка за ромските заедници и намалувањето на ЛГБТИК дискриминацијата.
Земјите-членки на ЕУ се охрабруваат да усвојат и испорачаат национални стратегии и акциски планови за поттикнување на вклученоста, справување со структурната дискриминација и зголемување на финансирањето и административните ресурси.
Дополнително извештаите покажаа дека земјите-членки мора да го засилат собирањето на податоци и да усвојат амбициозни цели за оценка на напредокот во вклученоста на Ромите, што уште се смета за недоволно.
Заменик-претседателката на ЕК за вредности и транспарентност, Вера Јоурова, истакна: „Нашите извештаи покажуваат многу достигнувања, вклучително и усвојување на клучните закони, национални акциони планови и стратегии или програми за финансирање.
Во 2008 година, расизмот и ксенофобијата станаа кривични дела во ЕУ. Гледајќи напред, земјите-членки ќе исполнуваат нови обврзувачки стандарди за телата за еднаквост. Во претстојниот мандат претседателката на Европската Комисија, Урсула Фон дер Лајен ја изрази својата намера да го задолжи комесарот да предложи обновена стратегија за еднаквост на ЛГБТИК за пост-2025 година, презентирајќи нова стратегија за анти-расизам и водечка имплементацијата на Стратешката рамка на ЕУ за еднаквост на Ромите.

https://commission.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието Африм Гаши на 24 септември 2024 заедно со потпретседателот на Собранието и претседател на Комисијата за европски прашања, Антонијо Милошоски и претседателката на Комисијата за финансирање и буџет, Сања Лукаревска оствари заедничка средба со Лаима Луција Андрикиене, членка на Европскиот суд на ревизори. Во фокусот на средбата беше Планот за раст на Западен Балкан и очекуваните придобивки од неговата имплементација во процесот на евроинтеграција на регионот и нашата земја. На средбата беа разменети мислења за реформските агенди на земјите од регионот, чие усвојување во институциите на ЕУ е предуслов за реализација на финансиската помош.

www.sobranie.mk

На 23 септември 2024 претседателот Гаши оствари средба со претседателката на Собранието на Република Албанија, Елиса Спиропали. На средбата Гаши истакна дека очекува искреното пријателство и соработка меѓу две земји уште повеќе да се зајакнува и унапредува. Претседателката Спиропали истакна дека Република Северна Македонија и Албанија се две пријателски земји кои делат исти вредности, визии и предизвици, имаат заедничко патување кон членство во Европската Унија и борба против корупцијата и организираниот криминал.






На 16 септември 2024 претседателот Гаши оствари средба со претседателот на Врховната ревизорска институција на Чешка, Мирослав Кала, на која присуствуваше и Максим Ацевски, директор на Државниот завод за ревизија (ДЗР). На средбата Гаши ја нагласи отвореноста на Собранието за соработка со ДЗР и дека средбата е во насока на изнаоѓање на нови модуси и сфери за проширување на меѓуинституционалната соработка меѓу двата заводи и Собранието.

Потпретседателот на Собранието, Антонијо Милошоски на 12 септември 2024 година, оствари работна средба со д-р Марк Шпиц, државен секретар за федерални, меѓународни работи и медиумска политика на Северна Рајна Вестфалија. На средбата соговорниците разменија мислења околу процесот на интеграција на нашата земја во Европската Унија и можностите за продлабочување на традиционално добрата соработка на билатерален план. На средбата беше нагласено значењето на интегрирање на земјите од регионот во Европската Унија.



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Потпретседателот на Собранието и претседател на Комисијата за европски прашања, Антонијо Милошоски и претседателката на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентите на балтичките земји, Моника Зајкова, на 26 септември 2024 година одржаа средба со Латвиска делегација предводена од Ингрида Левренс, заменик-државна секретарка за европски прашања и шефица на Директоратот на ЕУ. На средбата Милошоски ги запозна гостите со предизвиците со кои се соочува земјава на евроинтегративниот пат, почнувајќи од спорот со Грција и промената на името, преку францускиот предлог и актуелното бугарско вето. Во овој случај стопирањето на процесот на ЕУ зачленување не се базира на копенхашките критериуми, туку на билатерални прашања, кои можат да се решат по примерот на хрватско-словенечкиот спор, истакна Милошоски.







Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика на 16 септември 2024 година одржа средба со пратеници од Комисијата за труд и социјална политика од германскиот Бундестаг, на која беа разменети искуства од областа на трудот кои се во надлежност на Комисиите од двете земји.
На средбата беше изнесено мислење дека е потребна поголема сигурност за работниците и реформа на образовниот систем што ќе овозможи создавање кадар кој се бара на пазарот на трудот.
Дополнително беше даден предлог за формирање работна група од Комисијата која ќе оствари возвратна посета во Бундестагот со цел размена на искуства од областа на трудот со германските колеги кои ќе можат да се пренесат во македонското законодавство.

Работна средба со претставници на Комисијата оствариja и членовите на Комисијата за социјална политика, демографија и млади.



Делегација од Комисијата за одбрана и безбедност и Комисијата за надворешни работи на Собранието во состав: Павле Арсоски, Муса Џафери, Марија Петрушевска и Реџеп Исмаил учествуваше на Меѓупарламентарната конференција за заедничка надворешна и безбедносна политика, која се одржа од 9-10 септември 2024 година во Будимпешта, Унгарија. Учесниците на конференцијата дебатираа за глобалните предизвици со кои се соочува Европската Унија, европската перспектива на земјите-кандидати за членство во ЕУ и јакнење на европската одбранбена соработка и индустрија. Свое обраќање имаа пратеничката Марија Петрушевска и пратеникот Павле Арсоски.

## НОВ СОСТАВ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА




Претседателката на Европската комисија Урсула фон дер Лајен, која беше избрана за втор мандат, на 18 јули годинава ги претстави на европратениците нејзините политички насоки за следната Европска комисија 2024-2029 година.
На 17 септември, таа поднесе листа на назначени комесари и ги одреди нивните ресори, како одраз на амбициите наведени во Политичките насоки.
Назначените комесари се учествуваат на јавно сослушување во Европскиот парламент. Потоа Комисијата како целина се одобрува од Европскиот парламент. Европскиот совет, постапувајќи со квалификувано мнозинство, формално го назначува новото раководство на Комисијата.
Рафаеле Фито од Италија во новата Европската комисија ќе ја добие клучната позиција на потпретседател задолжен за економија. Потпретседателски места во новата ЕК ќе добијат и Летонецот, Валдис Домбровскис, Французинот Тјери Бретон и Шпанката Тереза Рибера. По функција, извршен потпретседател на ЕК е и високиот претставник на ЕУ за надворешна политика и безбедност, должност која би и припаднала на Естонката, Каја Калас.
Домбровскис би бил задолжен за проширува-њето на ЕУ и за обнова на Украина, додека Бретон би ги преземал ресорите за индустрија и стратешка автономија. Марош Шефчович би го задржал ресорот за меѓуинституционални прашања, но повеќе не би бил извршен потпретседател на ЕК. Чехот Јозеф Сикела би го добил ресорот енергија, а Полјакот Пјотр Серафин би се занимавал со буџетски прашања.
Со предлогот на Роксана Минзату од Романија и Хаџа Лабиб од Белгија, новата Европска комисија би можела да има 10 жени од вкупно 27-те члена. Заменичката главна портпаролка на Европската Комисија, Аријана Подеста изјави дека Фон дер Лајен останува на својата позиција да обезбеди родов баланс во следниот состав на Колеџот на комесари и за да го оствари тоа таа е во постојан контакт со сите лидери на земјите-членки.

https://www.eunews.it/en/

## ПОГОЛЕМА СОРАБОТКА МЕЃУ ЗДРАВСТВЕНИТЕ АГЕНЦИИ НА ЕУ




Извештајот на Европскиот суд на ревизори (ЕЦА) ја анализира реакцијата на европските здравствени агенции на Ковид кризата и се истакнува дека е потребна поблиска соработка меѓу Европскиот центар за превенција и контрола на болести (ЕЦДЦ), Европската агенција за лекови (ЕМА) и Управата за одговор при итни здравствени случаи (ХЕРА). Ова со цел да се избегне преклопување на надлежностите и да се обезбеди подобар координиран одговор на ЕУ на евентуални идни пандемии и медицински кризни состојби.
За ЕЦДЦ, ревизорите препорачуваат подобрување на нивото на соработка со земјите-членки на ЕУ преку создавање поцврст систем за надзор, кој ќе постави заеднички дефиниции во рамки на Унијата и ќе овозможи подобра комуникација со јавноста. Ревизорите повикуваат и на подобра организација на ЕЦДЦ и рационализација на нејзините внатрешни процедури.
Во однос на ХЕРА, која е формирана во 2021 година со цел да и помогне на ЕУ да реагира брзо на итни здравствени случаи, ревизорите препорачуваат дека е потребно разјаснување на точната улога на ова тело.
Според Судот на ревизори, ваквите мерки „секако пополнуваат некои празнини“ во капацитетот на ЕУ за реагирање на здравствени итни случаи, што резултира со „посложена организациска рамка“.

https://www.eca.europa.eu/en

## МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ДЕМОКРАТИЈАТА




По повод Меѓународниот ден на демократијата – 15 септември, во заедничката изјава на високиот претставник на ЕУ за надворешна политика и безбедност Жосеп Борел и потпретседателката на Европската комисија за демократија и демографија Дубравка Шуица истакнаа дека Европската Унија останува цврста во својата заложба да ја зајакне и брани демократијата, во и надвор од нејзините граници.
На овој Меѓународен ден на демократијата, ЕУ ја потврдува поддршката на сите оние кои се залагаат за демократските вредности и универзалните права и ја нагласува колективната одговорност за градење отпорни, инклузивни општества за сегашните и идните генерации. Одржувањето на демократијата е клучно за зачувување и унапредување на достоинството на секој граѓанин, како и за поттикнување на социјалната правда, инклузивен развој и мир, се нагласува во пораката.
Борел и Шуица потенцираа дека во различни региони на светот луѓето се соочуваат со закани и обиди за поткопување на демократските процеси, интегритетот на изборите и темелите на демократијата преку политичко насилство, изборна манипулација, измами, злоупотреба на државни ресурси, ширење дезинформации или странско мешање.
ЕУ го поддржува граѓанскиот сектор и заштитниците на човековите права, се бори против корупцијата, се стреми да го подобри владеењето на правото и ги поддржува независните медиуми, безбедноста на новинарите и борбата против дезинформациите, истовремено промовирајќи правична дигитална трансформација.

https://www.eeas.europa.eu/

## ДОГОВОР ЗА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА



Европската комисија ја потпиша Рамковната Конвенција на Советот на Европа за вештачка интелигенција, која ги нагласува човековите права и демократските вредности во нејзиниот пристап кон регулирањето на системите на јавниот и приватниот сектор.
Конвенцијата, која има правно обврзувачки карактер, се подготвуваше повеќе од две години. Во подготовката учествуваа повеќе од 50 држави, меѓу кои Канада, Израел, Јапонија и Австралија, дополнува „Фајненшл Тајмс“.
Рамковната конвенција на Советот на Европа за вештачката интелигенција, човековите права, демократијата и владеењето на правото беше усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа на 17 мај 2024 година.
Државите кои сакаат да го потпишат меѓународниот договор имаат можност да го сторат тоа од 5 септември, во Вилнус, главниот град на Литванија.
Повеќе од сто компании досега го потпишаа Пактот за вештачка интелигенција на ЕУ, со што доброволно се обврзуваат да ги почитуваат неговите одредби пред стартот на нивната законска примена, соопшти Европската комисија.
Меѓу потписниците се мултинационални корпорации и европски мали и средни претпријатија од различни сектори, вклучително и ИТ, телекомуникациите, здравството, банкарството, автомобилската индустрија и аеронаутиката.

https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/news

## ЕВРОБАРОМЕТАР ИСТРАЖУВАЊЕ 2024



Резултатите од најновото истражување на Евробарометар објавен на 24 септември годинава покажуваат дека европските граѓани ја поддржуваат енергетската политика на ЕУ и изразуваат силна поддршка за поголема координација и дополнителни напори во оваа сфера. Ова со цел обезбедување попристапни цени на енергијата, паралелно со транзицијата кон чиста енергија и остварувањето на енергетска независност на блокот.

Според анкетата, 79% од Европејците се на ставот дека остварувањето на климатските цели на ЕУ ќе поттикне отворање нови работни места и привлекување инвестиции во секторот за производство на чиста енергија, 77% сметаат дека Европската Унија треба да има поголема координативна улога за енергетските прашања, а 76% веруваат дека актуелните политики на блокот ќе ја намалат зависноста од увоз на енергија.

Дури 69% мислат дека енергетската политика на ЕУ ќе обезбедат намалување на сметките за енергија на домаќинствата и бизнисите, 62% сметаат дека Унијата треба да ги диверзифицира своите енергетски извори, пред сè со инвестирање во производство на енергија од обновливи извори, а 54% се на ставот дека е потребно да се штеди струја секогаш кога е тоа можно.

Во реакција на резултатите од истражувањето, Европската комисија оцени дека тие ги рефлектираат нејзините амбиции за периодот 2024-2029 година.

https://europa.eu/newsroom/

## СОСТАНОК НА СОВЕТОТ ЗА ОПШТИ РАБОТИ НА ЕУ



Како дел од годишниот дијалог на Советот, на 24 септември 2024 година, министрите одржаа дискусија за владеењето на правото во ЕУ. Дебатата се фокусираше на 4 области поврзани со владеењето на правото: правосудниот систем, антикорупциската рамка, медиумскиот плурализам и слобода и други прашања.

Владеењето на правото има централна улога во процесот на проширување како основен за членство во ЕУ. Годинава, Албанија, Црна Гора, Република Северна Македонија и Србија, како најнапредни земји-кандидати во процесот на пристапување и во однос на нивото на подготвеност за владеење на правото, за првпат беа вклучени во извештајот на Комисијата за владеење на правото.

Министрите одржаа општа размена за прашањата на владеењето на правото со овие земји-кандидати, водени од хоризонталното поглавје од извештајот на Комисијата за 2024 година.Дискусијата се фокусираше само на општите трендови за владеење на правото и по дебатата не беа донесени официјални заклучоци. Дискусиите за владеењето на правото во поединечните земји-кандидати ќе продолжат да се одржуваат во рамките на процесот на проширување.Советот за општи работи на ЕУ ги започна подготовките за состанокот на Европскиот совет планиран за 17-18 октомври  годинава и за нацрт-агенда.

https://newsroom.consilium.europa.eu

## ПОМОШ ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ВО ЕУ




Европската комисија предложи од т.н. земјоделски резерви на ЕУ да се издвојат 119,7 милиони евра како директна поддршка за земјоделците од Бугарија, Германија, Естонија, Италија и Романија, кои беа погодени од исклучително неповолни климатски настани во текот на пролетта и почетокот на летото оваа година.
Според предлогот на ЕК, во знак на солидарност 10,9 милиони евра треба да се доделат на Бугарија, 46,5 милиони евра на Германија, 3,3 милиони на Естонија, 37,4 милиони на Италија и 21,6 милиони евра на Романија, наменети за обештетување на земјоделците во овие земји кои претрпеа штети во своето производство и приходи како последица на временските непогоди. Овие износи може да се надополнат и со средства од националните буџети во износ до 200%. Доколку предлогот на Европската комисија се одобри од земјите-членки на состанокот на Комитетот за заедничка организација на земјоделските пазари предвиден за 7 октомври, петте држави за кои е наменета помошта, ќе треба до 31 декември да го известат Брисел за критериумите на распределба одделно, за план за исплата на средствата и за евентуално обезбедување на дополнителна поддршка на оштетените земјоделци.
Средствата од помошта треба да им се дистрибуираат на засегнатите земјоделци најдоцна до 30 април 2025 година, при што мора да се води сметка да не се предизвика нарушување на принципите на конкурентност со прекумерна компензација.

https://ec.europa.eu/commission/

## СТРОГА ПОЛИТИКА ЗА АЗИЛ ВО ХОЛАНДИЈА




На 13 септември годинава, холандската влада ја објави својата намера да воведе најстрога политика за азил во историјата на Холандија.
Десничарскиот министер за азил и миграција, Марјолеин Фабер истакна дека прогласувањето вонредна состојба ќе и овозможи на холандската влада „многу брзо“ да суспендира делови од постојните закони за азил. Ова е со цел да се ограничи бројот на баратели на азил кои влегуваат во земјата.
Владата најави дека ќе ги прекине плаќањата за станови за луѓето чии барања за азил се одбиени. На почетокот на септември министерот Фабер објави дека државното финансирање на домувањето за „луѓе кои требаше да заминат одамна“ ќе биде стопирано до 1 јануари 2025 година.
Околу 40.000 баратели на азил пристигнуваат во Холандија секоја година, што критичарите тврдат дека го влошува недостигот на станови во земјата.
Холандската влада може да користи кралски декрет за воведување вонредна состојба во случај на криза, дозволувајќи ѝ да преземе мерки без одобрение од Парламентот како што се случи за време на пандемијата на коронавирус.
.

https://ecre.org/netherlands

## ЛАНСИРАН ЕВРОПСКИ САТЕЛИТ „КОПЕРНИКУС СЕНТИНЕЛ 2-Ц“



Европската комисија извести дека „Сентинел 2-Ц“ ќе доставува најнови податоци и ќе овозможува услуги за набљудување на Земјата за потребите на јавните служби и приватни корисници.
Ажурираните податоци добиени од сателитот ќе им помогнат на јавните и приватните субјекти да носат поадекватни одлуки и подобро да се справат со итни еколошки предизвици, како што се шумски пожари, поплави и суши. Меѓу другите сфери што ќе имаат корист од овие податоци се и земјоделството, поморството и шумарството.
„Сентинел 2-Ц“ ќе го зајакне најнапредниот систем за набљудување на Земјата во светот „Коперникус“. Ќе биде калибриран во наредните месеци, по што ќе стане целосно оперативен и ќе почне да испорачува податоци поврзани со Земјата.
Веќе на 13 септември 2024 година, една недела по неговото лансирање, сателитот Коперник Сентинел-2C почна да доставува слики од планета Земја.
Со додавањето на Sentinel-2C во семејството на Copernicus Sentinel, се осигурува дека Copernicus продолжува да испорачува клучни податоци кои им служат на потребите на заедницата на корисници и поддржуваат широк опсег на апликации во годините што доаѓаат.
Проектот е реализиран во соработка меѓу Европската вселенска агенција и француската приватна компанија „Аријана спејс“, во чија сопственост е ракетата „Вега“.

https://www.copernicus.eu/

## ЗАБРАНА ЗА ИЗНАЈМУВАЧИТЕ НА ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ ВО МАДРИД



Градот Мадрид најави дека ќе воведе забрана за изнајмување електрични тротинети, со што ќе стане втор европски главен град по Париз што ја презема таа мерка поради зголемениот број несреќи во кои најчести жртви се пешаците.
Градската власт на Мадрид соопшти дека забраната ќе стапи на сила на 1 октомври.
„Ги повлекуваме сите дозволи за компаниите да изнајмуваат е-тротинети на улиците на градот“, напиша на мрежата Икс конзервативниот градоначалник на Мадрид, Луис Мартинез Алмеида. Тој истакна дека приоритет е безбедноста на граѓаните на Мадрид.
Советот на градот истакна дека компаниите ги блокирале напорите за проверка на нивните операции со тоа што не ги дале потребните информации или не дозволиле пристап до нивните интерфејси. Сепак, градската власт успеала да утврди дека не ги исполниле условите на дозволите. Дефектите вклучуваат недостаток на услуга низ целиот град, недостаток на осигурително покритие и отсуство на технологија што ги спречува возилата да циркулираат или паркираат во забранети области
„Трите компании кои имаат лиценца за изнајмување 6.000 електрични скутери ќе мора да ги отстранат од улиците, бидејќи не го испочитуваа условот што го поставивме – да ја гарантираат безбедност на пешаците, пред сè на старите лица“, истакна градоначалникот.
Приватните електрични скутери остануваат легални во градот, според веб-страницата на градското собрание.

https://edition.cnn.com

## ЗАБАВУВА РАСТОТ НА ПЛАТИТЕ ВО ЕУ



Растот на платите во еврозоната забавува, бидејќи работодавачите ги намалуваат бонусите, покажа истражувањето на Европската централна банка (ЕЦБ) .
Работодавачите неодамна почнаа да ги намалуваат надоместоците за прекувремена работа и додатоците за да ги приспособат платите на инфлацијата.
Во периодот од април до јуни годинава договорените плати се зголемени во зоната на примена на заедничката европска валута за 4,3%, покажуваат податоците на ЕЦБ.
Во првите три месеци годинава тие пораснале за 4,7%. Нивниот раст во пролетниот квартал, сепак, беше посилен отколку што би било потребно за да се намали стапката на инфлација на 2%. Европската централна банка проценува дека растот на цените ќе ослаби и ќе го достигне целното ниво во втората половина на следната година.
На седницата во септември, ЕЦБ заклучи дека ја ограничила домашната потрошувачка со рестриктивна монетарна политика, намалувајќи ја проценката за раст на економската активност годинава на 0,8%. Во 2025 година, според нивните проценки, економската активност би требало да забрза само малку, со прогнозирана стапка на раст од 1,3%.

https://biznis.rs/

## ПАД НА УВОЗОТ НА ЕНЕРГЕНСИ ВО ЕУ




Во вториот квартал од 2024 година, ЕУ увезла вкупно 177,9 милиони тони енергенси во вредност од 94,9 милијарди евра, што претставува намалување по количество во однос на истиот период лани за 9,7% и по вредност за 10,7%.
Според податоците на Евростат, увезените количества на природен гас во второто овогодишно тримесечје се намалени за 9,5% на годишно ниво, а нивната вкупна вредност бележи пад од 31,4%.
Намалување во истиот период се бележи и при увозот на течен гас и тоа за 20,2% според количество и за 41,2% по вредност.
Благ раст на годишно ниво е регистриран во вредноста на увезените нафта и нафтени деривати и тоа за 5,6%, иако во нивниот обем има намалување за 2,2%. Најголем дел од увезениот природен гас во ЕУ во вториот квартал од годинава или 43,5% потекнувал во Норвешка, по што следуваат Алжир со 21,6% и Русија со 15,5%.
Кога станува збор за течниот гас, 46% бил увезен од САД, по што следуваат Русија со 16,8 и Катар со 11,9%. САД се главен извозник и на нафта и нафтени деривати во ЕУ со удел од 15,1%, пред Норвешка со 14,1 и Казахстан со 11,7%.

https://ec.europa.eu/eurostat

*ЕУ КАЛЕНДАР / октомври 2024*

1. *Состанок на Советот за надворешни работи, 14/10/2024, Брисел;*
2. *Состанок на Советот за општи работи, 15/10/2024, Брисел;*
3. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 7-10/10/2024, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




